МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# Музичко образование

## за VIII одделение

Скопје, 2025 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Слушање и разбирање на музиката***<br>• ***Музичка писменост и изведбени активности*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет), која освен со стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент;<br>• детски ритмички инструменти (ритмички и мелодиски);<br>• разни извори на учење од природата и непосредната околина - дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата;<br>• печатени материјали (нотни записи, прирачници, списанија, весници, книги, енциклопедии и друга литература);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ приемник, компјутер со пристап до интернет и апликации за пишување ноти, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>• аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>• едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Музичко образование во осмо одделение може да ја изведува лице со завршени: |

| | |
|---|---|
| | • студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничко изразување и култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| IV-A.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталирапрограми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-A.3 | да користи различни начини на огранизирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоцитеи да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да споделиинформации, да контактира и дасоработува со други на онлајн проекти, восоцијални активности или за лични потреби; |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовнитеи социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитуваразличните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми вооднесувањето во дигиталниот простор. |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |

| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

**Личен и социјален развој**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силнитеи слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝовозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното восопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побарапомош; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |

| | |
|---|---|
| V-А.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивново разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интереситена сите вклучени страни; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивнаповратна информација и поддршка во корист на другите. |
| V-А.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби. |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ НА МУЗИКАТА***

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги препознава и разликува музичките епохи ренесанса, барок и класицизам преку нивните главни обележја: инструментите карактеристични за секоја епоха, најзастапените музичките форми, најистакнатите композитори и нивните најрепрезентативни дела;
2. ги разликува и категоризира инструментите со клавијатура, удирачките музички инструменти со определен и неопределен тон и ги препознава при слушање инструментална музика;
3. разликува аудитивно и категоризира видови оркестри и камерни состави и ги препознава во инструментална музика што ја слуша;
4. идентификува и разликува удирачки народни инструменти, видови фолклорни ансамбли и состави на народни инструменти;
5. препознава повторување и контраст во темите и главните делови на сонатната форма, како и во другите ставови на цикличните форми (соната, симфонија и концерт) кои ги препознава по нивниот карактер, користејќи ја соодветната музичка терминологија;

6. разликува аудитивно и објаснува карактеристики на одреден музички вид/жанр (класична, народна, популарна музика, џез и world music- преработка на традициска музика од различни култури);

Ученикот/ученичката ќе развива:

7. сопствени критериуми за естетско вреднување на слушаната музика од различни жанрови;
8. свесност за важноста на негувањето на музичката традиција и обележјата на фолклорот на својата и другите култури.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| • **Музички епохи**<br>(ренесанса, барок, Јохан Себастијан Бах, Антонио Вивалди, класицизам, Јозеф Хајдн, Волфганг Амадеус Моцарт, Лудвиг ван Бетовен) | • Ги наведува обележјата на музичките епохи: ренесанса, барок и класицизам и нивните најистакнати претставници.<br>• Разликува аудитивно познати композиции од барокот и класицизмот.<br>• Објаснува за одредени клучни моменти од биографијата на истакнатите композитори од барок и класицизам.<br>• Ги поврзува преку слушање музичките дела со насловот, авторот и епохата на која ѝ припаѓаат. |
| • **Музички инструменти**<br>- *инструменти со клавијатура* (пијано/пијанино, чембало, хармоника, оргули)<br>- *удирачки инструменти (*со неопределена тонска висина: чинели, голем тапан, барабан, дајре, гонг, кастанети, маракас, триангл; со определена тонска висина: тимпани, вибрафон, камбани, ксилофон, ѕвончиња*)*<br>- *удирачки народни инструменти (*тапан, тарабука, дајре, деф) | • Идентификува по звучност и изглед инструменти со клавијатура, најмалку пет удирачки инструменти и удирачки народни инструменти.<br>• Опишува инструменти со клавијатура, удирачки инструменти и удирачки народни инструменти (по материјалот на изработка, начин на свирење и изглед).<br>• Категоризира инструменти со клавијатура, удирачки инструменти и удирачки народни инструменти (по начин на свирење и улога во изведувачки состави).<br>• Препознава аудитивно инструменти со клавијатура, удирачки инструменти и удирачки народни инструменти во различни изведувачки состави. |
| • **Видови оркестри и инструментални состави**<br>(симфониски оркестар, филхармонија, камерен оркестар, гудачки оркестар, дувачки оркестар, биг бенд, ревиски оркестар; камерни состави; оркестар на народни инструменти, народен оркестар, чалгиски оркестар; *музички настани*: концерт, фестивал, смотра, натпревар, промоција) | • Препознава најмалку пет видови оркестри и инструментални состави и ги наведува инструментите во нив.<br>• Разликува и поврзува видови оркестри и инструментални состави со одредени музички настани.<br>• Категоризира видови оркестри според инструментален состав.<br>• Споредува видови оркестри и инструментални состави по број на учесници и застапеност на инструменталните групи/инструменти. |
| • **Музички форми: сонатна форма и циклични форми** | • Ги препознава цикличните форми: соната, симфонија и концерт по нивната повеќеставност. |

| | |
|---|---|
| (сонатна форма: експозиција, повторување и контраст и на темите, развоен дел, реприза; циклична форма: соната/симфонија/концерт; ставовите и нивниот карактер) | • Разликува аудитивно: повторување и контраст во темите и во основните делови на сонатна форма, како и во другите ставови.<br>• Споредува соната за соло инструмент, симфонија и концерт според изведувачки состав и карактерот на ставовите (брз, бавен, игрив…).<br>• Прави шематски приказ на сонатна форма и циклични форми со нивните делови/ставови во слушаните музички примери. |
| • **Музички видови/жанрови**<br>(народна музика, популарни жанрови, џез; *world music* ) | • Ја препознава по звучност припадноста на слушаните музички композиции на одреден жанр (народна или популарна).<br>• Разликува аудитивно музика од подалечни светски култури и традиции според, ритам и карактеристични инструменти- world music. |
| • **Насочено слушање музички дела**<br>(наслов на делото, композитор, жанр, изведувачки состав, мелодија, контраст и повторување на музичкиот материјал, темпо, ритам, динамика, карактер на музиката, структурни елементи/музичка форма)<br><br>*Се препорачува повеќекратно слушање со различна цел.* | • Именува вид на музичко дело (соната, симфонија или концерт), композитор и епоха.<br>• Опишува стилски карактеристики на слушаната музика преку употреба на соодветни музички термини (изведувачки состав, мелодија, контраст и повторување, темпо, ритам, динамика)<br>• Препознава изведувачки состав и структура на музичката форма во слушаната композиција (дводелна, триделна, циклична).<br>• Споредува музички дела врз основа на сознанијата за изразни средства, изведувачки состав, изведба и музичка форма. |

**Примери за активности:**

- Преку аудиовизуелна презентација на музички примери, наставникот ги запознава учениците со музичките епохи ренесанса, барок и класицизам. Притоа, ги поттикнува учениците да ги опишуваат музичките епохи, да препознаваат истакнати композитори од барок и класицизам, нивните најзначајни дела, карактеристични инструменти и изведувачки состави согласно музичката епоха.
- По повеќекратно слушање на одредени музички примери, учениците преку истражување низ музичките канали, изготвуваат ранг листи на омилени композиции од барок и класицизам, со образлижение за таквото рангирање (присуство на одреден инструмент, распеаноста на мелодијата, ритамот, динамичките контрасти, музичката форма).
- Преку аудиовизуелна презентација на музички примери од инструментална музика од различни жанрови (или по можност средба со изведувач), наставникот ги запознава учениците со удирачките инструменти и инструментите со клавијатура. Учениците со внимание слушаат, ги идентификуваат и опишуваат удирачките инструменти и инструментите со клавијатура, бележат одредени карактеристики со помош на кои ги категоризираат и препознаваат по звучност, изглед, начин на свирење, жанр и улога во инструменталните состави.
- Преку аудиозаписи наставникот презентира различни видови оркестри и камерни состави, а учениците ги наведуваат видовите оркестри и камерни состави и ги воочуваат инструментите во нив, ги категоризираат, ги споредуваат аудитивно и проценуваат број на учесници и застапеност на инструменти.

- Учениците поделени во групи ги добиваат од наставникот запишани на картички имињата на сите изучени инструменти. Потоа ги подредуваат по групи и подгрупи: инструменти со клавијатура, удирачки инструменти и удирачки народни инструменти, или наоѓаат нови начини на нивна организација со додавање други инструменти.
- Учениците изработуваат шематски приказ за поставеност на групите инструменти во симфониски оркестар, при тоа ја образложуваат позиционираноста со нивните карактеристики и нивната улога во оркестарот (големината на инструментот ја поврзуваат со неговата гласност, удирачките и басовите инструменти се најодзади заради гласноста, мелодиските се напред – најчесто ја носат главната мелодија и сл.).
- Преку аудиозаписи/видеозаписи наставникот презентира удирачки народни инструменти, а учениците ги идентификуваат по звучност и изглед, ги опишуваат по изглед и материјалот на изработка, ги категоризираат по начин на свирење и улога во инструментални состави и ги препознаваат аудитивно во жанровски различни изведувачки состави.
- Наставникот презентира видео примери од народни оркестри и состави на народни инструменти, а учениците ги воочуваат инструментите во нив, ги категоризираат видовите инструментални состави на народна музика, споредуваат видови инструментални состави на народна музика по изглед и звучност. Дискутираат за важноста на негувањето на својата музичката традиција и предноста на познавањето и почитувањето на фолклорот на други подалечни култури и традиции.
- Преку насочено слушање на звучни примери презентирани од наставникот, учениците препознаваат и разликуваат аудитивно контрастот на двете теми во сонатна форма. Создаваат и објаснуваат шематски приказ на сонатна форма со нејзините теми и главни делови во слушаните музички примери.
- Учениците преку фрагменти споредуваат соната за соло инструмент, симфонија и концерт според изведувачки состав, создаваат шематски приказ на циклична форма и го објаснуваат карактерот на нејзините ставови во слушаните музички примери (брз, бавен, игрив…).
- Преку презентација и слушање на музички примери на композиции од различни жанрови: народна музика, популарни жанрови, џез; *world music*, учениците го идентификуваат жанрот на слушаната музичка композиција, го споредуваат составот на инструменти кај различни жанрови и наведуваат по три композиции од секој музички жанр.
- Ученикот прави листа од пет соодветни музички примери за одредено окружување, намена и цел од народна, популарна и џез музика. Притоа го аргументира својот избор и објаснува за различните жанрови, музички изразни средства, изведувачки состав.
- При повеќекратно слушање на композицијата со внимание, од почеток до крај, преку различни форми, методи и техники на работа при секое повторно слушање, наставникот ги насочува учениците да се фокусираат на различни компоненти од музичкото дело, да ги препознаваат и споредуваат музичките изразни средства, изведувачкиот состав и музичката форма со нејзините елементи и да ги именуваат со стручни изрази.
- Наставникот изготвува Табела со сите музички изразни средства во која учените ќе ги бележат сите сегменти на кои треба да обрнат внимание при слушање на музичките примери. Учениците табелата ја пополнуваат етапно според насоки од наставникот, при повеќекратно слушање на композициите.

**Насоки за наставникот:**

*- Се препорачува да се реализираат посети на концерти на класична музика поврзани со изучените инструменти, оркестри и камерни состави, концерти на народна музика поврзани со изучените инструменти и ансамбли, како и музички институции, а потоа на часот да се дискутира за стекнатите впечатоци, искуства и сознанија. Наставникот да обрнува внимание на концертната култура (однесување на концерт, ракоплескање на крајот на цикличното дело, исклучување на мобилните телефони и сл.).*

*- Изучувањето на музичките форми не е цел, туку средство за ефективно слушање и разбирање на музиката. За таа цел е потребно целосно слушање и запознавање на композицијата при што се воочуваат основните делови на формата. Во текот на целосното слушање на композицијата, ученикот ја следи шемата на формата претходно изработена од наставникот (на табла, на хамер или во дигитална форма).*

Тема: ***МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ И ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ***

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. разликува визуелно и аудитивно G-dur и e-moll скала – природен, хармонски и мелодиски вид, ги објаснува нивните елементи и ги користи преку пеење/свирење на едноставни едногласни и двогласни песни и вежби и двогласни канони со примена на нотен запис;
2. препознава аудитивно и да следи рамноделни и нерамноделни тактови во музички примери;
3. користи апликации за пишување ноти со примена на елементите од музичка писменост;
4. пее/свири едногласни и двогласни песни и други музички примери различни по жанр, карактер, содржина и музички епохи по слух, со правилна примена на елементите на вокална/инструментална техника и да ги следи диригентските знаци;
5. состави план и програма за организација и промоција на музичка приредба.

Ученикот/ученичката ќе развива:

1. вештини за креативно изразување на сопствените идеи, искуства и емоции преку музиката.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Скали**<br>(тоновите g мало - f2- fis2 - g2; G-dur скала, e-moll скала – природен, хармонски и мелодиски вид, квинтен круг нагоре, паралелна скала) | • Препознава и запишува во петолиние g мало-f2-fis2-g2, повишувалка/диез и разрешувалка/бекар.<br>• Ја запишува скалата G-dur и нејзините елементи (квинтен круг нагоре).<br>• Ја запишува и споредува скалата e-moll (природен, хармонски и мелодиски вид) и нејзините елементи (паралелната молска скала).<br>• Транспонира доследно со сите елементи едноставни примери во изучените скали со запишување. |
| • **Рамноделни и нерамноделни тактови, тактови без ознака на метарот** | • Слушно препознава и тактира нерамноделни тактови во музички примери. |

| | |
|---|---|
| (нотни вредности и паузи  во рамноделни тактови 2/4, 3/4, 4/4 и нерамноделни тактови 5/8, 7/8 и 9/8, хемиола, тактови без ознака на метарот/рубато) | • Слушно разликува и тактира рамноделни и нерамноделни тактови во музички примери и рубато.<br>• Ја расчленува и објаснува структурата на нерамноделните тактови според бројот на ударите (дводелни и триделни) и според позицијата на хемиолата во нив (напред, назад и во средина).<br>• Создава и тактира ритмички вежби во нерамноделни тактови . |
| • **Апликации за пишување ноти**<br>(дигитални алатки за пишување на нотен текст) | • Препознава ознаки за инструменти и видови тактови во апликацијата за пишување ноти.<br>• Ги објаснува научените поими во апликацијата за пишување ноти.<br>• Ја применува апликацијата за пишување ноти преку впишување на нотен текст со соодветни ознаки.<br>• Создава кратки музички фрази во апликацијата за пишување ноти. |
| • **Пеење (опсег g – e2) и свирење музички инструмент (по избор)**<br>(групна и колективна музичка изведба, диригентски знаци, меѓусебно слушање, интонација и ритам, дикција и артикулација на текстот)<br><br>*(НАПОМЕНА: опсегот е даден ориентационо, наставникот треба да ги има предвид индивидуалните гласовни можности на учениците и промените на гласот кои може да настанат во овој развоен период.)* | • Демонстрира правилна дикција и артикулација на текстот/изведувачка техника при групна и колективна изведба по слух.<br>• Пее/свири по слух едногласни и двогласни примери од различни жанрови, самостојно/во група со примена на музички изразни средства.<br>• Пее/свири самостојно по слух едногласни и двогласни примери од различни жанрови со примена на музички изразни средства, со точна интонација и ритам, според диригентски знаци.<br>• Пее/свири едноставни примери од различни жанрови по нотен запис со примена на музички изразни средства, со точна интонација и ритам, според диригентски знаци. |
| • **Креативно музичко изразување**<br>(повторување, имитација, музички импресии, есеј за музичка епоха/слушана композиција, изработка на презентации, дигитални постери…)<br><br>*(НАПОМЕНА: дадените стандарди служат како насока за поттикнување на креативното изразување на учениците, но нивното постигнување не влијае врз оценката по предметот Музичко образование.)* | • Осмислува ритмичка придружба на зададена мелодија.<br>• Парафразира одредени музички модели во сопствено креативно изразување применувајќи повторување и имитација.<br>• Создава сопствени примери на креативно изразување со кои се поврзува музиката со други форми на уметничко изразување (литературно, ликовно изразување, преку танцување или  со помош на дигитални алатки).<br>• Создава мелодија според зададен литературен или сопствен текст (со ритмичка придружба). |

| | |
|---|---|
| • **Организација и промоција на музички настан** | • Учествува во реализација на музички настан.<br>• Изготвува план на кратка музичка приредба.<br>• Составува програма за музичка приредба.<br>• Осмислува промоција на музичката приредба. |

**Примери за активности:**

- Наставникот ги запознава учениците со тоновите g, f2 и g2, а учениците се насочуваат да ги препознаат во нотен пример тоновите g, f2 и g2 и останатите изучени тонови, повишувалка и разрешувалка. Потоа се поттикнуваат да создаваат едноставни мелодиски вежби со примена на изучените тонови, да ги пеат (со интонативна поддршка) индивидуално и во група и да ги транспонираат со запишување во изучените скали.
- Преку различни музички примери визуелно и аудитивно учениците се запознаваат со G-dur и e-moll скала (природен, хармонски и мелодиски вид) со нивните елементи, разликите и сличностите помеѓу нив, и истите ги користат преку пеење/свирење на едноставни едногласни и двогласни песни и вежби и двогласни канони по ноти. Учениците преку слушање музика ја доживуваат различната звучност на G-dur и e-moll скала.
- Учениците се запознаваат со нерамноделни тактови 5/8, 7/8 и 9/8, хемиола и тактови без ознака на метарот (рубато), слушно ги препознаваат и тактираат во презентирани музички примери, објаснуваат за структурата на нерамноделните тактови според бројот на ударите и позицијата на хемиолата и создаваат ритмички вежби во нерамноделни тактови.
- Наставникот ги насочува учениците како да користат апликации за пишување ноти на дигитални уреди (групно – на смарт табла или индивидуално – на компјутер, таблет, мобилен уред), да ги препознаваат ознаките за инструменти и видови тактови во апликацијата за пишување ноти, да објаснуваат за научените поими, да ја применуваат апликацијата за впишување нотен текст со соодветни ознаки и да создаваат кратки музички фрази во апликацијата.
- Наставникот презентира музички примери (народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, двогласна песна/вежба, мелодиска вежба) со соодветен гласовен опсег g – e2, ги распева учениците со соодветни технички вежби, а учениците учествуваат во заедничка изведба по слух. Потоа учениците изведуваат по слух едногласни песни и вежби, едноставни двогласни канони и двогласни песни/вежби самостојно/во група, пеат/свират по слух едногласни песни и вежби, едноставни двогласни канони и двогласни песни/вежби со правилен пејачки став/правилен начин на свирење и примена на музички изразни средства.
- Наставникот ги упатува учениците во читање и изведба по нотен запис: коментирање на нотниот текст, читање парлато, свирење по нотен запис/пеење по нотен запис со солмизација, пеење со текст, примена на правилна вокална/инструментална техника и на музички изразни средства. Учениците изведуваат ритмички вежби и пеат/свират песни и вежби во опсег g – e2 со примена на нотен запис.
- Преку различни техники, форми и методи на работа, учениците учествуваат во заеднички креативни музички активности, креираат и парафразираат одредени музички модели применувајќи постапки на повторување, имитација, прашање - одговори и го применуваат своите знаења за музичките изразните средства во сопствено креативно музичко изразување.

- Под импресија од музичко дело со нагласена експресивност, учениците се поттикнуваат да создаваат сопствени креации  во кои се поврзува музиката со други форми на уметничко изразување (есеј за одредена музичка епоха или слушана композиција, изработка на презентација, дигитални постери.
- Наставникот ги поттикнува учениците да осмислат план на кратка тематска музичка приредба, да ги селектираат потенцијалните учесници, да дизајнираат концертна програма наменета за промовирање на интернет и на училишна огласна табла. По завршувањето со наставникот дискутираат за добрите и лошите страни во организацијата на одржаната приредба.
- Учениците се поттикнуваат да пронајдат музика од различни жанрови како музичка поддршка за различни литературни текстови, соодветна на карактерот на ликовите, стилот, јазикот, пораката која ја испраќа авторот и други карактеристики на текстот.
- Учениците се насочуваат да создадат презентација или видео со кое на креативен начин ќе ја прикажат формата и карактерот на позната композиција. Видеото може да биде изработено од претходно создадени цртежи, илустрации и фотографии, а како музичка подлога ќе ја користи композицијата.
- Наставникот ги поттикнува учениците, во улога на музички новинари да создадат новинарски прилог во кој ќе ја коментираат изведбата, оркестарот, солистите и целосното доживување на одредено музичкото дело, со користење музичка теримнологија за изразните компоненти (експресивност, динамичка разновидност, контрастни моменти, пропусти во промоцијата на настанот, со задолжително исразување на сопственото доживување и личниот став.
- Преку соодветен пример презентиран од наставникот, учениците ги препознаваат формите на организација и промоција на музички настани, го опишуваат процесот на организација и промоција и дискутираат за важноста на музичките институции и настани во музичката култура.

**Насоки за наставникот:**

*- Изучувањето на скалите не е цел за себе и треба да се одвива во тесна поврзаност со слушаните примери, асоциирање со познати мелодии, пеење и свирење по нотен запис со претходно објаснување.*

*- Наставната содржина Пеење и свирење на детски музички инструменти остава можност за формирање хор и оркестар, како и други изведувачки состави, на ниво на паралелка, одделение, училиште.*

*- Пожелно е пеењето да се применува на секој час како засебна активност и како помош за совладување на други содржини од програмата.*

*- Креативните активности на учениците треба да се базираат на афинитетите и индивидуалните карактеристики на учениците и наставникот и да се прилагодат на постоечките услови за работа во училиштето.*

*- При реализирање на содржините од првата наставна тема може да бидат застапени/применети изведбени активности и креативно изразување (движења, боди перкашн, драматизации, визуелно прикажување и сл.). Секогаш кога е можно наставникот треба да користи меѓутематска интеграција при планирањето и реализацијата на наставата.*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот,
- учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности (правилна примена на изведувачката техника и знаењата од музичката писменост при групно и колективно музицирање),
- учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за организација на музичка приредба,
- изработките (илустрации, презентации, шематски прикази, проекти и сл.),
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

Сумативната оценка се изведува преку различните техники на формативно и сумативно оценување. На секое тромесечие, на полугодие и на крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за VIII одделение.** | бр. 12-12084/21<br>12.9.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |